**ОДЛУКА**

за промена на седиште на Стопанска банка АД - Скопје

Скопје, април 2026

Врз основа на член 26 и член 33 од Статутот на Стопанска банка АД – Скопје (С.О.бр. 496/30.05.2025, пречистен текст), а по претходно утврден предлог од Надзорниот одбор на Банката, Собранието на акционери на Стопанска банка АД – Скопје, на седницата одржана на 27.4.2026 година, донесе

**ОДЛУКА**
**За промена на седиште на Стопанска банка АД - Скопје**

1. Се менува седиштето на Стопанска банка АД Скопје (во понатамошен текст: „Банката“), така што новото седиште на Банката ќе биде на:

   **улица Филип Втори Македонски бр. 6, Скопје**

   наместо досегашната адреса на улица 11 Октомври бр. 7, Скопје.

2. Се овластува Управниот одбор на Банката и/или други вработени лица овластени од Управниот одбор, по стапувањето на сила на оваа Одлука, да ја запише промената на седиштето во Централниот регистар на Република Северна Македонија и да ги преземат сите неопходни правни и административни дејствија за спроведување на оваа Одлука.

3. Оваа Одлука стапува на сила на денот на донесувањето.

Бр. /2026
27.04.2026
Скопје

**Собрание на акционери**

**Претседател**

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**
**на Одлуката за промена на седиштето на Стопанска банка АД – Скопје**

**Правна основа**

Одлуката за промена на седиштето на Стопанска банка АД Скопје (понатаму: „СБ“ или „Банката“) се донесува врз основа на член 33 од Статутот на Банката, како работа за која Собранието одлучува со 2/3 мнозинство од акциите со право на глас и правен акт врз основа на кој се врши упис на промената на седиштето во Централен регистар на Република Северна Македонија.

На предложената Одлука до Собранието на акционери, а согласно Законот за банки и Одлуката за издавање на согласности на Народна банка на Република Северна Македонија (понатаму: „НБРСМ“), претходеше утврдување на предлог одлука од страна на Надзорниот одбор за промена на седиштето донесена на 24.03.2026 година и поднесување Барање за издавање претходна согласност за промена на седиште до НБРСМ со соодветна придружна документација.

Побараната согласност претставува регулаторен предуслов чија цел е да се потврди дека новото седиште ги исполнува сите технички, организациски, безбедносни и инфраструктурни услови потребни за вршење банкарска дејност. НБРСМ, во рамки на своите надлежности, ја оценува соодветноста на просторот, информатичката и безбедносната инфраструктура, оперативната организација и другите релевантни параметри што гарантираат дека Банката може непречено и безбедно да ги извршува своите функции.

Горенаведената претходна постапка вклучува и задолжително усогласување односно измена на Статутот на Банката. Бидејќи седиштето е елемент кој е експлицитно наведен во Статутот како основен податок за идентитетот на Банката, измената мора да биде формално впишана и во самиот Статут, за што исто така, Банката бара претходна согласност од НБРСМ.

По добивањето (претходна) согласност од НБРСМ, и по донесувањето на оваа Одлука и Одлуката за измена на Статутот на Стопанска банка АД - Скопје, ќе следи спроведување на упис на промената на седиштето во Централен регистар.

**Стратешки причини и деловна оправданост**

Предложената одлука за промена на седиштето на Банката претставува дел од пошироката стратегија и трансформација на Банката, насочена кон модернизација на оперативната инфраструктура и унапредување на организациската ефикасност. Банката инвестираше во нов деловен објект на нова локација, проектиран согласно највисоките современи технолошки, функционални и организациски стандарди.

Преселувањето во новите административни простории ќе овозможи:

- **Подобра организација и поефикасно искористување на работниот простор**, со што се поддржува покоординирана, продуктивна и интерактивна работна средина.

- **Оптимизација на оперативните трошоци**, преку користење инфраструктура со повисока енергетска ефикасност и современи системи за работа.
- **Усогласување со долгорочните стратешки приоритети на Банката**, вклучително модернизација, дигитална трансформација и зголемување на внатрешната оперативна ефикасност.
- **Унапредување на квалитетот на услугите за клиентите**, преку подобрени внатрешни процеси, зголемена пристапност и поефикасна оперативна поддршка.

* * *

Врз основа на анализата на стратешките, организациските и регулаторните аспекти, се утврди дека промената на седиштето претставува значаен и неопходен чекор за понатамошно унапредување и модернизација на работењето на Банката. Новото седиште обезбедува современа, технички напредна и безбедна инфраструктура која овозможува поддршка на стратешките цели на Банката и соодветно го отсликува брендот и значењето на Стопанска банка за целокупната заедница.

Во оваа насока, потребно е Собранието на акционери да ја потврди Предлог-одлуката на Надзорниот одбор односно да донесе Одлука за промена на седиштето на Стопанска банка АД – Скопје како што е предложено, со предвиденото 2/3 мнозинство во Статутот на Банката.

**НАДЗОРЕН ОДБОР**